Душанка Панкова
Скопје

# ПАЛЕШКА

Си беше еднаш едно мало девојченце, не поголемо од еден палец. Поради тоа ја нарекоа Палешка.

Една ноќ, додека Палешка спиеше во своето креветче од орев, една страшна крастава жаба скокна од прозорецот и се најде пред неа:

- Колку убава невеста за мојот син! - извикна жабата Краставка, ја зграби ореовата лушпа во која спиеше Палешка и избега преку прозорецот.

Жабата Краставка во еден скок минуваше 38 цм. Ако жабата направи 12 и половина скокови, колкаво растојание ќе измине?



Мајката жаба Краставка ја спушти ореовата лушпа на големиот лист среде реката. Таа му ја покажа Палешка на својот син Крекре, велејќи му дека тоа е неговата идна невеста, а тој веднаш се вљуби во неа.

Жабецот Крекре посакуваше да стане познат оперски пејач и секојдневно пиеше свежи јајца украдени од гнездата на птиците во трските крај реката. Едно јајце има маса од 30 грама. Една шестина од масата е лушпата, три петини е белката, а остатокот е жолчка. Колкава маса има жолчката?

Утрото кога се разбуди и кога виде дека се наоѓа среде реката, Палешка се исплаши. Но, кога жабата Краставка и кажа за свадбата со нејзиниот син Крекре, Палешка се расплака.

Рипчиња скокаа од водата околу неа восхитувајќи и се на нејзината убавина и чудејќи им се на нејзините солзи. Палешка им раскажа за својата судбина, а тие сложно извикаа:

- Не, никако!- се нурнаа во водата, се собраа околу зеленото стебло што го држеше листот и го пregризаа стеблото со своите запчиња.

Листот со Палешка носен од реката отполови далеку каде што жабата не можеше да стаса. Пловеше се до еден поток што минуваше низ густа и голема шума. Тука кутрата Палешка го мина цело лето. Понекогаш ги слушаше птиците како пеат во далечина, ги гледаше оддалеку рипчињата како скокаат над водатал и го гледаше црвот како се искачува по стеблото на еден бор. Ноќе црвот се искачуваше 4 м, а во текот на денот се симнуваше 2 м. На крајот од осмата ноќ црвот се искачи на врвот на борот. Колку е висок борот? Колку вкупно метри изминал црвот?

Листот со ореовата лушпа беше заглавен помеѓу камењата во потокот. Палешка тука ја печеше жешкото сонце и ја врнеше летниот дождец.

Палешка секој ден ја гледаше кукавицата како собира 72 гасеници за еден час. Осум врапчиња од блиското гнездо собираа гасеници колку три кукавици. Колку гасеници собира едно врапче?

Така мина летото.

Стаса есента, со своите студени дождови и ветрови, а потоа и зимата со својот студ и мраз. Заснежи. Палешка очајна се стоплуваше во својата ореова лушпа виткајки се во малкуте суви лисја што можеше да ги најде меѓу камењата крај потокот. За да и мине времето побргу, со стапче во снегот го запишуваше бројот 100 на четири различни начини, така што секогаш користеше по пет цифри и соодветни математички операции.

Еден ден додека бараше некој горчлив корен или кисели бобинки за да не умре од глад, Палешка под еден голем сув лист забележа повредена ластовичка. Нажалена, таа ја бакна ластовичката во затворените очи. Една солза и се лизна од лицето и падна врз главата на ластовичката. Птицата се помрдна. Беше сеуште жива. Палешка се погрижи да ја затопли, покривајќи ја со остатоците од сувите лисја и милувајќи ја нежно. Потоа од сламки и исплете топла покривка, а од лисјата и направи легло. Ја преврте својата ореова лушпа, ја потпре со гранчиња и камења и така направи цврсто засолниште.

- Многу ти благодарам девојченце- рече ластовичката штом се созеде.- Сега брзо ќе ми се врати силата и ќе може повторно да летам!

Палешка ја негуваше ластовичката, се додека не падна од изнемоштеност до ластовичката.

Токму тој ден старата глувчица Мицка излезе надвор да побара суви печурки. Тогаш ја здогледа Палешка падната во снегот:

- Кутрата малечка, речиси е умрена од студ!- извика глувчицата Мицка и ја однесе Палешка во своето дувло. Палешка тука ја мина целата зима. Немаше ден да не помисли на ластовичката, но глувчицата Мицка која не сакаше да остане без друштвото на Палешка, бараше од неа да и вети дека нема да излезе од дувлото. Еден ден и рече:

- Наскоро ќе имаме посета. Ќе дојде мојот сосед, господинот Крт. Биди љубезна со него кога ќе го запознаеш, затоа што тој е многу богат и фин. Има црно крзно и не поднесува дневна светлина, па затоа секогаш живее под земја. Господинот Крт си бара женичка која ќе му прави друштво, млада, весела, убава, токму како тебе! Затоа, распореди 9 суви печурки во три чинии, така што секоја чинија треба да има различен број печурки, а ниту една чинија да не остане празна.



Од овие зборови Палешка сета се наежи.

Во меѓувреме изминаа пролетта, летото па и есента, а Палешка беше се потажна. Не и дозволуваа да излезе ни малку на сонце, а требаше и да му стане сопруга на господинот Крт.

Еден ден на изгрејсонце, успеа да се искраде надвор и трчајќи колку што може повеќе, избега во шумата. По некое време, премалена од трчањето се фрли во тревата за да земе здив и малку да одмори. Во тој миг слушна високо во воздухот едно топло:

- Тука сум!

Палешка погледна во синото небо. Бескрајна радост и го исполни срцето, а од очите и потекоа солзи радосници. Тоа беше нејзината мала пријателка ластовичката, која беше жива и се беше вратила да ја побара.



-Наближува зимата - рече ластовичката- и јас се подготвувам да одлетам далеку во топлите краишта. Таму живеам во еден прекрасен дворец. Ќе дојдеш ли со мене?

Палешка не чекаше да и се каже двапати, туку ја прегрна ластовичката и и се качи на грбот. Се смести меѓу крилјата на ластовичката и тие тргнаа на пат преку морето.

Ластовичката леташе со денови. Попатно сретнуваа многу галеби. Се запознаваа со нив и одмораа во нивните живеалишта. Два галеба им носат храна на своите младенчиња три пати на ден. Едниот галеб секогаш носи по 50 грама разни инсекти. Хранењето трае 50 дена. Колку килограми инсекти ловат двата галеба за тој период?

Еден ден Палешка во далечината го здогледа прекрасниот дворец целиот од алабастер и бел мермер и со прекрасна градина наоколу.



- Еве, тука е мојата куќа - рече ластовичката и слета меѓу прекрасните бели цветови што растеа во градината на дворецот. Ја спушти Палешка врз еден цвет, а таа се стаписа кога виде дека во цветот има едно човече! По раст беше малку повисоко од неа, ама убав како неа. На главата носеше круничка сета од злато, а на грбот две нежни крилца како пеперутка. Тоа беше принцот на сите виленици на цвеќињата.

Штом ја здогледа Палешка, тој силно ја засака и таа набрзо стана негова кралица на цвекињата. Од цветовите излегуваа виленици и пееја прекрасни песни, а наоколу се ширеше опоен мирис. Половината од вилениците беа сини, четвртина беа црвени, а 16 беа жолти. Колку виленици излегле од цветовите?

Сите прославуваа, а Палешка за подарок доби две прекрасни крилца за да лета со својот принц. Ластовичката, пак, од своето гнездо им пееше најубави песни на радоста.